РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-2642/3
22-10-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмети оформени по пријави доставени од подносителот ------, на продолжението од 39 - та седница одржано на 19.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2857/1 од 29.05.2019 год оформен по пријава доставена од подносителот ------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2857/1 од 29.05.2019 год, во конкретниот случај постапува друг надлежен орган (Советот на јавните обвинители на Р. Северна Македонија) кој согласно своите законски надлежности преземе дејствија во насока на прибавување на релевантни информации заради утврдување на фактичката состојба во случајот.

Предметот со број 12-2857/1 од 29.05.2019 год да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметите со број 12-2857/1 од 29.05.2019 год оформен по пријава доставена од подносителот --------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконско постапување на јавни обвинители од Основното Јавно обвинителство Кичево и од Вишото јавно обвинителство Гостивар, во постапки поведени по пријава/жалба поднесени од лицето ------- - оштетено лице во судска постапка за утврдување на право на сопственост П. бр.72/2002-1 од 28.11.2013 година, за кривично гонење согласно чл. 366-а став 1 и став 2 од КЗ против осомничениот ----- и судијка на Основен суд Кичево, ------. Во постапките биле донесени Решение на Основното Јавно обвинителство Кичево КО бр. 80/18 од 07.12.2018 година и Решение на Вишото јавно обвинителство Гостивар I КОЖ 1. Бр. 98/18 од 27.12.2018 година, како што тврди подносителот на пријавата, без спроведено вештачење на сите релевантни документи (договорот за поклон и графички приказ) заради утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија за спречување на корупцијата е известена дека лицето -----------во март 2019 година доставило претставка до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија со кое побарало Советот да го преиспита постапувањето на јавните обвинители од Основното Јавно обвинителство Кичево и од Вишото јавно обвинителство Гостивар по предметите во кои биле донесени Решението на ОЈО Кичево КО бр. 80/18 од 07.12.2018 година и Решението на Вишото јавно обвинителство Гостивар I КОЖ 1. Бр. 98/18 од 27.12.2018 година и да утврди дали се сторени прекршувања на законските прописи од нивна страна во текот на водењето на постапката и при донесувањето на решенијата.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-2642/1 од 10.08.2020 година со кое побара од Советот на јавните обвинители на Р. Северна Македонија да достави информација за тоа дали Советот постапил по поднесената претставка и кој е исходот од постапувањето.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Советот на јавните обвинители на Р. Северна Македонија со прилог документација во кој се наведува дека Советот на јавните обвинители на Р. Северна Македонија постапил по донесената претставка од --------- на 22.03.2019 година и врз основа на член 28 од Законот за јавно обвинителство, од Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија како обвинителство кое е надлежно ја контролира работата на пониските обвинителства било побарано да се изврши увид во наведените предмети, да ги провери наводите во претставката и за констатациите да го извести Советот во најкус можен рок. Постапувањето на Јавното обвинителство на РСМ е во тек, по добивање на бараната информација- Извештај од Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија, Советот ќе се произнесен по предметниот случај и за своите констатации ќе биде известен подносителот на претставката.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапува друг надлежен орган (Советот на јавните обвинители на Р. Северна Македонија) кој согласно своите законски надлежности преземе дејствија во насока на прибавување на релевантни информации заради утврдување на фактичката состојба во случајот, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот предмет и предметот да се затвори и да се архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**